ОПШТИНА
ГАЗИ БАБА

# Одговорно
# Чесно
# Посветено



# ОТЧЕТ
## 2021-2023

**2** ГОДИНИ
работа што носи
резултати

ОТЧЕТ 2021-2023

*Градоначалник*
*Бобан Стефковски*

ОТЧЕТ Гази Баба 2021-2023 -ver 5-0 copy.indd 1 11/14/2023 8:28:49 PM

Почитувани граѓани,

Поминаа две години од мојот избор за градоначалник на општина Гази Баба. Ја користам и оваа прилика повторно да Ви се заблагодарам за дадената доверба и чест да ја предводам општина Гази Баба.

Дадената доверба на изборите за мене претставува сериозна одговорност да секое дадено ветување од предизборната кампања биде реализирано.

Денес, кога сме на половина од мандатот слободно можам да кажам дека Вашата доверба ја оправдавме со нашата посветена, чесна и одговорна работа.

Реализиравме 420 нови проекти кои донесоа подобар и поквалитетен живот во населените места низ општина Гази Баба.

Се зафативме со решавање на децениските проблеми со кои се соочуваат нашите граѓани, а за тоа говори фактот што во изминатите две години изградивме 21 километар нова мрежа на фекална канализација, а Раштак и Брњарци добија чиста вода за пиење. Инвестиравме и во развојот на спортската инфраструктура.



Изградивме 18 спортски терени на најсовремена тартан подлога и 4 терени на подлога од вештачка трева.

За најмладите, нашите дечиња изградивме и реконструиравме 41 детско забавно катче насекаде низ општина Гази Баба.

Образованието е столбот на секое општество и токму затоа во овие две години инвестиравме 43.000.000 денари за подобрување на условите во општинските основни училишта, а ООУ Кирил и Методиј во Стајковци доби нова училишна спортска сала, додека во ООУ Наум Охридски започнавме со изградба на нова спортска сала.



ОТЧЕТ Гази Баба 2021-2023 -ver 5-0 copy.indd 3 11/14/2023 8:28:50 PM

Сите 6800 ученици во сите 11 општински основни училишта оваа година за прв пат во историјата на општина Гази Баба добија бесплатна училишна униформа. Со реализацијата на овој проект ги надминавме предрасудите помеѓу учениците.

Животната средина, социјалната заштита, културата и културните манифестации се во фокусот на овие две години од мојот мандат.

Почитувани мои сограѓани,

Пред Вас се наоѓа целосниот отчет за работата на локалната самоуправа во изминатите две години.

Ако минатата година зборувавме дека во општина Гази Баба дојде “Новото време”, денес со задоволство можам да кажам дека нашата Гази Баба живее во време на брз развој.

2 години работа што носи резултати не е слоган под кој ние сакаме да испратиме одредена порака, туку тоа ја отсликува нашата работа во изминатиот период.

Пред нас се уште две години од мојот мандат во кои не очекува уште многу работа и реализација на голем број нови проекти кои ќе ја направат општина Гази Баба уште поубаво место за живеење.

Оваа година нашата Гази Баба направи 47 години од своето постоење. За неколку години, општината ќе влезе во петтата деценија од своето формирање. Токму затоа силно верувам во тоа дека нашата генерација треба на себе да ја превземе одговорноста за решавање на децениските проблеми со кои се соочуваат нашите граѓани.

Силно верувам дека петтата деценија од нашето постоење треба да ја дочекаме со надминати проблеми за недостаток на фекална канализација, улици со кал и слично.

Почитувани граѓани,

На крајот сакам да Ви порачам да не ја губите надежта и вербата за подобро утре. Изминатите две години од нашата работа се вистински доказ, дека и во Гази Баба можело да се работи и да се реализираат проекти.
Не очекуваат уште подобри времиња за сите нас и за нашата Гази Баба!

Ваш градоначалник,

Бобан Стефковски



ОТЧЕТ Гази Баба 2021-2023 -ver 5-0 copy.indd 4 11/14/2023 8:28:50 PM

# ИНФРАСТРУКТУРА И КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ

**Организирање и квалитетно вршење на комунални дејности и стопанисување со објекти на комуналната инфратсруктура од локален каркатер, кои се протегаат или служат за давање на комунални услуги на подрачјето на општина Гази Баба е од круцијално значење.**



Инвестиравме во

## Подобрување на општинската патна инфраструктура:

Асфалтирањето се врши плански низ сите населни места во општината. Асфалтиравме локални улици во Инџиково, Идризово, Стајковци, Јурумлери, Трубарево, Ергеле, Ченто, Кирил Петрушевски, Економија, Трубарево, Булачани, Брњарци, Колонија, Автокоманда и Хиподром 2.




Во изминатите 2 години извршивме ревитализација и асфалтирање на следните улици и паркинг простори, со вкупна површина од 28,800 $m^2$

(пат до гробишта) 845,60 $m^2$ во н.м Идризово

ул. 11 асфалтирани вкупно 1500 $m^2$ во н.м Јурумлери,

ул.22 асфалтирани вкупно 1545 $m^2$ во н.м Трубарево,

ул.9 асфалтирани вкупно 423,5 $m^2$ во н.м Трубарево,

ул.1 асфалтирани вкупно 294$m^2$ во н.м Ергеле,



ОТЧЕТ Гази Баба 2021-2023 -ver 5-0 copy.indd 5 11/14/2023 8:28:50 PM

крак од ул. „Боривое Милошевски“ асфалтирани вкупно 360,31m² во н. Кирил Петрушевски,

крак од ул.„Вера Радосавлевиќ“ асфалтирани вкупно 217,17m² во н.Кирил Петрушевски,

крак 2 асфалтирани вкупно 640m² во н.м Инџиково,



ул.6 краци 1,2,3,4 и 5 и ул.4 крак 1, асфалтирани вкупно 679m² во н.м Инџиково,

краци од Ј.М.Бригади 6,7,8 и 9 асфалтирани вкупно 1134 m² во н. Чento,

крак 2 и 10 од ул.„Сава Михајлов“ асфалтирани вкупно 538,10 m² во н.Чento,

асфалтирани пристапни патеки во новиот парк во Чento на површина од 625,28 m²

ул. 5 асфалтирани вкупно 326,86m² во н.м Брњарци,

ул. 7 асфалтирани вкупно 1.213,09m² во н.м Булачани,

ул. Маџари асфалтирани вкупно 570,28m², во н.Чento,

улици асфалтирани со вкупна површина од 1.614,73m² во н.м Економија,

ул. 6 асфалтирани вкупно 1.601,95m² во н.м Идризово,

ул.4 со краци асфалтирани вкупно 1994,16m² во н.м Стајковци (Попово Маало),

ул.5 со краци асфалтирани вкупно 1800 m² во н.м Трубарево,

ул.5 со краци асфалтирани вкупно 1100 m² во н.м Булачани,

ул.1 со краци асфалтирани вкупно 950 m² во н.м Колонија,





два краци од улица „Трајче Здравковски“ асфалтирани со вкупна површина од 2200 m² во.н.м Виниче,

ул. 5 во н.м Стајковци асфалтирана со вкупна површина од 800 m²,

улица во н.м Ергеле асфалтирани вкупно 330 m²,

асфалтиран е дел од улица 204 со површина од 762 m² во н.м Гоце Делчев,

улица „Роман Каскалиевиќ“ асфалтирани вкупно 1200 m² во н.Ченто,

Во тек се градежни активности за реконструкција и ревитализација на улицата „Модест Мусоргски“ во н.Триангла должина од 400 м

Во тек се градежни активности за изградба на новопроектирана улица 7.2 ГЧ ЦС 11 блок 07

Во тек е изградба на новопроектирана улица 1, кај Амбулантата и реконструкција на ул.881 во н. Автокоманда во должина од 135 метри

---

Во континуитет се врши тампонирање и крпење на ударни дупки на асфалтните коловози, а зимскиот период обезбедуваме и беспрекорно зимско оддржување на општинските патишта и улици.



ОТЧЕТ Гази Баба 2021-2023 -ver 5-0 copy.indd 7 11/14/2023 8:28:51 PM

## ПАРКИНГ ПРОСТОРИ

Изградивме паркинг простор позади последна 45-ка во н.Ченто на површина од 1.873,54 m²;

Изградивме паркинг простор на ул. Антон Панов бр. 70, 72 во н. Ченто на површина од 1.491,13m²;

Изградивме паркинг простор во ООУ „Стив Наумов“ во Автокоманда на површина од 1159м2.



## ТРОТОАРИ, ПЕШАЧКИ ПАТЕКИ И СКВЕРОВИ

Изградивме на повеќе локации патеки со павер елементи, како Железара, Автокоманда, Ченто, Триангла, Стајковци, Булачани, Црешево , Виниче со вкупна површина од 5800 m2.

Сквер ул.„Карл Хрон“ н.Триангла;

Петека кај дневен центар во н. Железара и

Патека на ул.„Коце Металец“; во н. Железара;

Сквер во н. Автокоманда до Шумарски факултет;









ОТЧЕТ Гази Баба 2021-2023 -ver 5-0 copy.indd 8 11/14/2023 8:28:51 PM

Сквер во ООУ „Стив Наумов“;

Патека на ул. 2 во н.м. Јурумлери;

Патека во н.м. Стајковци кај игралиштето за фудбал и кошарка;

Сквер пред зграда 12А во н.м. Колонија;

Патека од н.м. Јурумлери до н.м. Колонија;
Патека од ул.„Ташко Караџа“ бр. 20 до ул.„Бапчор“ бр. 6 во н. Автокоманда;



Сквер на ул.„М. А. Ченто“ зграда 159;

Сквер на ул.„Вера Радосављевиќ“.





## ВО ТЕК Е ИЗГРАДБАТА НА ПАТНАТА ИНФРАСТУКТУРА ВО ХИПОДРОМ 2

Проектот за изградба на патната инфраструктура во Хиподром 2 го реализираме согласно Договорот за заем за финансирање на Проектот за поврзување на локални патишта помеѓу Република Македонија и Меѓународна банка за обнова и развој – Светска банка, преку Министерството за транспорт и врски.

Со проектот во патната инфраструктура инвестираме финансиски средства во висина од 45.013.572 денари како грант за општина Гази Баба преку Светска банка.

Дополнително спроведуваме постапка со која ќе инвестираме 73.000.000 денари средства од буџетот на општина Гази Баба за инфраструктурата во Хиподром 2.



ОТЧЕТ Гази Баба 2021-2023 -ver 5-0 copy.indd 9 11/14/2023 8:28:52 PM

## ГИ ОГРАДИВМЕ ГРОБИШТАТА ВО БРЊАРЦИ

Извршивме оградување на гробиштата во населеното место Брњарци. Проект кој произлезе на барање на жителите од Брњарци.



## ВО ЗАБРЗАНО ТЕМПО РАБОТИМЕ НА ИЗГРАДБА И САНАЦИИ НА ФЕКАЛНАТА КАНАЛИЗАЦИОНА МРЕЖА

### ИЗГРАДБА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО н.м. ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ

Изминатиот период во населеното место Гоце Делчев беа извршени градежни активности за изградба на нова мрежа на фекална канализација во чии рамки се изградија околу 2000 метри нова мрежа.

Вкупната инвестиција изнесуваше 18.000.000,00 денари од буџетот на Општина Гази Баба.





### ИЗГРАДБА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО н.м. ЈУРУМЛЕРИ

Во н.м Јурумлери изградивме нова мрежа на фекална канализација во дел од населеното место каде
што се извршија градежни





ОТЧЕТ Гази Баба 2021-2023 -ver 5-0 copy.indd 10 11/14/2023 8:28:52 PM



активности за приклучување на домаќинствата на новиот канализационен систем за фекална канализација.

Во соработка со ЈКП Гази Баба, минатата година беше пуштена во употреба вакум станицата за фекалната канализација, со што канализациониот систем е ставен во функција.

Во тек е изведбата на градежни работи на атмосферска канализација во должина од 950 метри и вредност на инвестиција од 17.500.000,00 денари.

## ИЗГРАДБА НА ФЕКАЛНА И АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО н.м. СТРАЧИНЦИ

Во н.м Страчинци се изгради нова мрежа на фекална канализација во должина од над 8.000 метри.



Средствата за реализација на овој проект се обезбедени од буџетот на општина Гази Баба и Министерството за животна средина и просторно планирање.




## НАСЕЛЕНОТО МЕСТО СМИЛКОВЦИ ЦЕЛОСНО ДОБИ ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА

Изминатиот период комплетно ја завршивме втората фаза од изградбата на фекална канализација во н.м Смилковци со должина од 1.940 м и финансиска конструкција од 9.424.758,84 денари.



ОТЧЕТ Гази Баба 2021-2023 -ver 5-0 copy.indd 11 11/14/2023 8:28:52 PM



Дополнително во минатиот период беше изградена и новата пречистителна станица, инвестиција вредна 20.227.471,00 денари.



Вкупната инвестиција за секундарната мрежа и пречистителна станица во ова населено место изнесува 29.652.235 денари.

## Изработен е потпорен ѕид за проширување на гробиштата во н.м Смилковци

## ИЗГРАДБА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО н.м. ЦРЕШЕВО

Во населеното место Црешево во изминатите две години е реализирана изградба на нова мрежа на фекална канализација во должина од околу 6000 метри.



Вредноста на реализацијата на овој проект изнесува 43.000.000 денари, средства од буџетот на општина Гази Баба.



## ИЗГРАДБА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО н.м. ТРУБАРЕВО И ЧУКУР МААЛО

Во тек се градежни активности за изградба на четвртата фаза од фекалната канализација во населено место Чукур Маало и Трубарево во должина од 550 метри.



Вкупната инвестиција изнесува околу 7.000.000,00 денари, средства од буџетот на Општина Гази Баба.

## РЕВИТАЛИЗАЦИЈА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО ТРИАНГЛА





Извршивме ревитализација и реконструкција на фекална канализација на дел од улица „Модест Мусоргски" во Триангла во должина од 35 метри.

## Инвестиравме во ПОДОБРУВАЊЕ НА ВОДОВОДНА ИНФРАСТРУКТУРА

Во рамките на капацитети за водоснабдување превземени се следните активности во населените места:

Во Виниче се поставија хидранти на постоечка мрежа, се направи реконструкција на улична мрежа во место викано Црвеника и направивме реконструкција на хлоринаторна станица.

Во Црешево беше извршена санација на резервоар за вода и реконструкција на водоводна мрежа место викано Црвеника



ОТЧЕТ Гази Баба 2021-2023 -ver 5-0 copy.indd 13 11/14/2023 8:28:53 PM

Во Раштак се превземаа активности за поврзување на бушотина на вода со резервоар, поставување на нови примарни мрежи за водоснабдување во дожина од 800 м.



Во Брњарци започнавме со изградба на нова водоводна мрежа во должина од 2370 метри, а вредноста на инвестицијата изнесува околу 8.000.000 денари, средства обезбедени од буџетот на општина Гази Баба. Жителите од ова населено место за прв пат ќе добијат питка вода.

Изградба на водоводна мрежа на ул. 2 во Јурумлери во должина од 260 метри и вредност на инвестиција од 2,100,000.00 ден;



Изградба на водоводна мрежа на крак од ул. 5 во Јурумлери во должина од 480 метри и вредност на инвестицијата од 4.200.000.00 денари.

Реконструкција на одводен канал на ул Антон Велковски во Стајковци со чија реализација ќе се направи регулација на атмосферските води, а внатрешноста на каналот ќе се изгради од армиран бетон.

Вредноста на проектот изнесува 10.100.000 денари, средства обезбедени од буџетот на општина Гази Баба.



ОТЧЕТ Гази Баба 2021-2023 -ver 5-0 copy.indd 14
11/14/2023 8:28:53 PM

# Изградивме **голем мултифункционален парк во Триангла**

На површина од 2000 m² во населба Маџари – Триангла го изградивме првиот голем мултифункционален парк во рамки на кој има повеќе содржини и тоа :



парк за миленици ,детско забавно паркче, фитнес зона на отворено, урбана опрема и летниковец.






Во рамки на паркот извршено е комплетно холтикултурно уредување, изградени се патеки со павер елементи, ново улично осветлување и повеќе функционална фонтана.





ОТЧЕТ Гази Баба 2021-2023 -ver 5-0 copy.indd 15 11/14/2023 8:28:54 PM

## Го обновивме **паркот „Скулптура“ во Автокоманда**

Гази Баба доби нов уреден парк, во н. Автокоманда на површина од 4.200 м2 со нови тревници, урбана опрема и ново осветлување, т.е целосно обновување на паркот „Скулптура“.



При уредувањето на паркот направени се повеќе интервенции на целата вегетација, нанесена е високо квалитетна почва, формиран е тревник со систем за полевање капка по капка, поставени се хидранти и прскалки, со што ќе се овозможи континуирано одржување на зеленилото во паркот.





Обновувањето на паркот е во соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје, а активностите ги реализираа ЈП Паркови и Зеленило и ЈКП Гази Баба 2007.



## Нов зелен парк во Чento **со ново детско катче и комплетно реконструирано кошаркарското игралиште**

На површина од 5000 m² во Чento, веднаш до ООУ„Крсте Мисирков“, Општина Гази Баба во соработка со ЈП Паркови и зеленило изгради комплетно нов зелен парк. Во рамки на



ОТЧЕТ Гази Баба 2021-2023 -ver 5-0 copy.indd 16 11/14/2023 8:28:56 PM

паркот од страна на општина Гази Баба се изгради ново детско катче на современа тартан подлога, беше извршена комплетна реконструкција на постоечкото кошаркарско игралиште. Изградивме асфалтирани пристапни пешачки патеки и беше поставена урбана опрема низ целиот простор.
Од страна на ЈП Паркови и зеленило и Град Скопје се изврши хортикултурно уредување на површината и беа изградени 2 летниковци.

## Зголемена безбедност **на сите учесници во сообраќајот**

Поради зголемена безбедност на сите учесници во сообраќајот на нашата територија во тек е изведба на сообраќајна сигнализација, а досега вкупно поставени се:

3 сферни огледала Ф900 мм;

14 сферни огледала Ф600 мм;

Пречки за забавување сообраќај во должина од 149,20 метри;

Изминатиот период поставивме успорувачи на сообраќајот за поголема безбедност на учениците пред основните училиштата „25 Мај“ , „Крсте Мисирков“, „Дане Крапчев“ и „Стив Наумов“.

## Изградба на **спортски мултифункционални игралишта**

За овие две години година издвоивме 13,000,000.00 денари од буџетот на Општината за изградба на спортски мултифункционални игралишта во сите населени места во општина Гази Баба.



Спортско игралиште во Гоце Делчев со современа тартан подлога и реквизити за баскет,

Спортско игралиште во Нова Колонија со современа тартан подлога и спортски реквизити,

Спортско мултифункционално игралиште во Триангла во рамките на основното училиште



ОТЧЕТ Гази Баба 2021-2023 -ver 5-0 copy.indd 17 11/14/2023 8:28:56 PM

„Наум Наумовски Борче“ изградено на најсовремена тартан подлога и нови реквизити,

Спортско игралиште во Кирил Петрушевски со најсовремена тартан подлога за спорт и рекреација и реконструирано детско катче со нови детски реквизити за најмладите,



Спортско игралиште во Керамидница со најсовремена тартан подлога, а поставени се и нови табли за кошеви и обрачи, како и две стативи за мал фудбал,



Спортско игралиште за мал фудбал и кошарка во Трубарево, Спортско игралиште за баскет во Трубарево,



Кошаркарско игралиште во Автокоманда ООУ „Стив Наумов“,

Игралиште за баскет во Јурумлери (Торта маало),



Игралиште за мал фудбал во Ченто на ул. Срекко Пужалка – до црква св. Лидија,

Игралиште за баскет во Ченто.





ОТЧЕТ Гази Баба 2021-2023 -ver 5-0 copy.indd 18 11/14/2023 8:28:57 PM

Тргнувајќи од нашата заложба општина Гази Баба да биде посакувано место за игра и рекреација на нашите најмлади извршиме ревитализација на детски забавни паркчиња, мини спортски игралишта и јавни површини за кои минатите две години издвоивме 6.300.00,00 денари.



Детско и баскет игралиште во н.м. Кирил Петрушевски;

Игралиште за мал фудбал кај Кванташки пазар;

Детско игралиште помеѓу ул. Валандовска и ул. Разлошка;



Детско игралиште помеѓу ул. Беровска и ул. Пехчевска;

Детско игралиште во Дива населба;

Детско игралиште со тартан подлога во н.м. Хиподром;

Детско игралиште на ул. 18 во н.м. Јурумлери;

Детско игралиште во Дунек Маало;

Детско игралиште во парк сред с. Јурумлери;

Детско игралиште до игралиште со вештачка трева во н.м. Јурумлери;



Детско и баскет игралиште во Торта Маало;

Детско игралиште во ООУ Крум Тошев;

Детско игралиште во Пуста Кула н.м. Трубарево;

Детско игралиште во Крива Ливада;



ОТЧЕТ Гази Баба 2021-2023 -ver 5-0 copy.indd 19 11/14/2023 8:28:57 PM



Детско игралиште до игралиште за голем фудбал во н.м. Идризово;

Детско и баскет игралиште во н.м. Ергеле;



Детско игралиште во парк шума на ул. Коце Металец;

Детско игралиште на ул. Душан Тасковиќ бр. 42 н.м. Железара;

Детско игралиште на ул. Душан Тасковиќ бр. 47 н.м. Железара;

Детско игралиште на ул. Душан Тасковиќ без број н.м. Железара;

Детско игралиште во парк позади ООУ Григор Прличев;

Детско и баскет игралиште до автопат кај н.м. Триангла;

Детски игралиште кај ОУ Наум Наумовски Борче;

Детско игралиште ул. Лајош Кошут;



Детско и баскет игралиште кај Напредок н.м. Триангла;
Баскет игралиште за ул. Наум Наумовски Борче н.м. Триангла;



Игралиште за баскет и детско игралиште во н.м. Стајковци;



ОТЧЕТ Гази Баба 2021-2023 -ver 5-0 copy.indd 20 11/14/2023 8:28:58 PM

Спортско игралиште на ул. Вера Радосавлевиќ во н.м. Кирил Петрушевски;

Детско игралиште во н.м. Ченто ул. М. А. Ченто до зграда 159;

Игралиште за баскет и детско игралиштево н.м. Ченто ул. Сава Михајлов;



Детско игралиште во н.м. Хиподром до ООУ Вера Јоциќ;

Детско игралиште н.м. Трубарево (Чукур Маало);

Игралиште за мал фудбал и кошарка н.м. Трубарево (Чукур Маало);



Детско игралиште на ул. Палмиро Тољати;

Игралиште за мал фудбал со вештачка трева на ул. Палмиро Тољати;

Игралиште со справи за вежбање во н.м. Ченто ул. Палмиро Тољати;

Детско игралиште во н.м. Ченто ул. М. А. Ченто;

Игралиште за мал фудбал и кошарка во н.м. Ченто ул. М. А. Ченто;

Детско игралиште во н.м. Смилковци;

Детско и баскет игралиште во н.м. Црешево;





ОТЧЕТ Гази Баба 2021-2023 -ver 5-0 copy.indd 21 11/14/2023 8:28:58 PM

## Изградба на **фитнес зони и поставување на урбана опрема**

Во тек е изградба на фитнес зони и поставување на урбана опрема, до сега изработени се во:

н. Керамидница и
н.м. Колонија

За градежните работи одвоивме финансиски средства во износ од 1.242.863,48 денари од буџетот на Општина Гази Баба.







ОТЧЕТ Гази Баба 2021-2023 -ver 5-0 copy.indd 22 11/14/2023 8:28:59 PM

# СПОРТ И СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ

## Инвестиравме во **подигање и подобрување на спортската инфраструктура**

### Направивме комплетна реконструкција на **училишните спортски сали во ООУ „Григор Прличев“ и ООУ „Дане Крапчев“**





Изминатата година извршивме комплетна реконструкција на училишните сали во ООУ „Григор Прличев“ и ООУ „Дане Крапчев“. Во рамки на реконструкцијата во двете сали се постави современа гумена подлога, рипстови, нови реквизити и справи за вежбање, беа извршени и молерски работи.





ОТЧЕТ Гази Баба 2021-2023 -ver 5-0 copy.indd 23 11/14/2023 8:28:59 PM

## Во тек е изградба на **спортската сала во ООУ Наум Охридски во Булачани**





Во тек е изградба на спортската сала во ООУ Наум Охридски во Булачани, за која се издвоени финансиски средства во износ од 16.200,000 денари.
На почетокот на градежните работи се оддржа свечена церемонија на која камен темелникот на салата го освети Поглаварот на Македонската православна црква Охридска архиепископија Господин Господин Стефан.

## Изградивме **нова училишна сала „Бобан Ивановиќ" во населеното место Стајковци**






После 50 години изградивме нова фискултурна сала со најсовремена опрема во рамките на основното училиште „Св.Кирил и Методиј" во Стајковци.

Вкупната вредност за изградба на фискултурната сала изнесува 20.760.264,00 денари.



ОТЧЕТ Гази Баба 2021-2023 -ver 5-0 copy.indd 24 11/14/2023 8:29:00 PM

## Изградивме **спортски центар “Иван Илиев“ во Стајковци**

Населеното место Стајковци доби нов спортски центар кој се состои од спортски терен на подлога од вештачка трева, на површина од 1128 м² како и ново кошаркарско игралиште на подлога од асфалт.

Вкупната вредност на овој проект изнесува 2.500.000,00 денари.









## **Парк шумата - Гази Баба** ја збогативме со **нови содржини за рекреација и пријатен престој за посетителите**

На повеќе локации поставивме нови парковски елементи изработени од дрво.

Два нови видиковци, а изработени се и два големи рекреативни елементи, еден мал рекреативен елемент, како и дрвена куќичка за деца и пет комплети на маси со клупи.

Во паркот е уреден и нов парк за домашни миленици со соодветни реквизити и нуди одлични можности за нивна рекреација.





ОТЧЕТ Гази Баба 2021-2023 -ver 5-0 copy.indd 25 11/14/2023 8:29:02 PM

## Го пуштивме во употреба новото **спортско игралиште на подлога од вештачка трева во Страчинци**

Пуштено е во употреба новото игралиште на подлога од вештачка трева со површина од 340м² во дворот на ООУ „Кирил и Методиј".









## Изградивме **спортски терени на вештачка трева во Инџиково и Автокоманда**

Изградивме спортски терени на подлога со вештачка трева чија реализација ја чинеше општина Гази Баба 1.789.200,00 денари. Спортски терени на вештачка трева се изградија во населеното место Инџиково до

Месната заедница Питу Гули со површина од 1.250,00м²; и во ООУ Стив Наумов детско игралиште од 250,00м².



## Обезбедивме **финансиска поддршка за ФК Вардар**

Македонскиот бренд, фудбалскиот клуб Вардар добива директна финансиска поддршка од општина Гази Баба.




# ЖИВОТНА СРЕДИНА

**ПРЕКУ УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ОВОЗМОЖУВАМЕ ПОДОБРИ ЖИВОТНИ СТАНДАРДИ**

## Спроведуваме **постојан инспекциски надзор во вечерните часови**

со цел превенција и спречување од согорување и депонирање на отпад на јавни површини.

### Спроведуваме еколошки акции како:

**Акција за расчистување на локалитетот „Острово“ во Трубарево**

Инспекциската служба на Општина Гази Баба во соработка со Јавното претпријатие „Гази Баба 2007“ и Шумарскиот факултет организираше акција за расчистување на локалитетот „Острово“ во Трубарево.

**Акција за чистење под мото “Пријателство со природата”**

Општина Гази Баба во соработка со амбасадата на Република Словенија во Република Македонија реализираше еколошка акција за чистење на Парк шумата Гази Баба под мотото “Пријателство со природата”.

**Акции за расчистување на хаварисани возила по населени места**

Во општина Гази Баба се спроведуваат акции за подигнување на хаварисани возила во сите населени места, каде се отстрануваат сите хаварисани возила кои се оставени на јавна површина



ОТЧЕТ Гази Баба 2021-2023 -ver 5-0 copy.indd 27 11/14/2023 8:29:03 PM

во соработка со ЈП Градски Паркинг Скопје.

**Акции за пошумување, а само минатата година засадивме 3200 садници во Сарачево**

Во соработка со Здружението на граѓани Treebanks, Македонски шуми, Шумарски факултет и Јавното комунално претпријатие ГАЗИ БАБА 2007, спроведена беше акцијата за пошумување на дел од падините на Скопска Црна Гора во месноста наречена Сарачево, во близина на населено место Раштак.

**Акции за разеленување на училишните дворови во основните училишта**

Во рамките на основните училишта тековно се спроведуваат акции за разеленување и разубавување на училишните дворови.

## Доделуваме субвенции во насока на **намалување на загадувањето на животната средина**

Одвоивме 5.500.000,00 денари за субвенционирање на граѓаните на општина Гази Баба за купување на високоенергетски клима уред за затоплување.

**Граѓаните на Гази Баба може да инвестираат средства за набавка на нова опрема со која ќе делуваат позитивно во насока за намалување и спречување на загадувањето на нашата животна средина, а тоа се следните видови субвенции, за кои од Буџетот на општината во изминатите две години се издвоени 12,500,000.00 денари.**

Одвоивме 2.500.000,00 денари за субвенционирање на граѓаните на општина Гази Баба за купување на печки на пелети.

Одвоивме 1,000,000.00 денари за субвенционирање на граѓаните на подрачјето на општина Гази Баба за купување на велосипед.

Одвоивме 1,000,000.00 денари субвенционирање на граѓаните на подрачјето на општина Гази Баба за купување на електричен тротинет.

Одвоивме 1,600.000,00 денари за субвенционирање на граѓаните на подрачјето на општина Гази Баба за вградување на уреди за течен гас/метан или друг вид на алтернативно гориво во своите возила.



ОТЧЕТ Гази Баба 2021-2023 -ver 5-0 copy.indd 28 11/14/2023 8:29:03 PM

Одвоивме 400.000,00 денари за субвенционирање на граѓаните на Општина Гази Баба за чистење на оџаци во своите домаќинства.

---

## Направивме ажурирање на **интегриран катастар на загадувачи**

Со ажурирањето на Интегрираниот катастар на загадувачи истиот станува динамичен и стратешки документ кој заедно со законската регулатива е инструмент на општина Гази Баба со кој се овозможува одржливо управување со квалитетот на воздухот, на водите и на генерираниот отпад а со тоа и подобрување на состојбата на животната средина.





## Изработивме **Катастар на зеленило**

Изработени се две фази од катастарот на зеленило со кој е опфатено урбаното зеленило на Општина Гази Баба и досега се попишани 10 164 единки од кои :
3 936 дрвја и
6 228 грмушки.

---

## Спроведовме за прв пат **Еколошки конкурс “Денови на пролетта - Денови на екологијата” за ученици од основните училишта**

Со акцент на најголем допринос во развојот на екологијата, а наградени беа повеќе категории:

најубаво уреден двор,

најеколошка компанија,



ОТЧЕТ Гази Баба 2021-2023 -ver 5-0 copy.indd 29 11/14/2023 8:29:03 PM

најголем придонес за екологијата

најубава творба и најубав цртеж на тема екологија за деца од основните училишта во општината, и

најубав цртеж на тема екологија и пролет за децата од детските градинки.





## Изготвивме **План за затварање на диви депонии и нивна ревитализација**

Планот содржи анализа на теренот,направена е проценка на ризикот од дивите депонии, проценка на финасиските средства потребни за затварање и нивна ревитализација односно расчистување на теренот.

**Формиравме координативно тело за следење и имплементација на Локален Акционен План за животна средина (ЛЕАП) на Општина Гази Баба, за период 2020 - 2026 година.**

Воспоставивме соработка и склучен е Договор за воспоставување на организиран, интегрален и одржлив систем за собирање на отпад од електрична и електронска опрема на територија на Општина Гази Баба со сите 3 колективни постапувачи со електрична и електронска опрема и поставени се 7 контејнери за електрична и електронска опрема.

